# Модул 1: Разбирање на насилството во училиштето

Овој модул ја истражува сложената проблематика на насилството во образовните установи, обезбедувајќи им на наставниците потребни знаења. Од дефинирање на различните видови насилство до разбирање на неговата застапеност и влијание, овој документ ги опремува наставниците со алатки за препознавање, интервенција и превенција на насилничкото однесување. Преку пристапи базирани на докази, студии на случаи и прашања за рефлексија, ќе ги разгледаме улогите на насилниците, жртвите и сведоците, истовремено разградувајќи ги вообичаените митови кои го отежнуваат ефикасното дејствување.

Co-funded by the European Union

# Што е насилство?

Насилството во училишта е широко распространет проблем кој влијае на милиони ученици низ светот и има длабоки и долготрајни последици. Според УНЕСКО (2019), насилството се дефинира како „непосакувано, агресивно однесување меѓу учениците кое вклучува реална или перцепирана нерамнотежа на моќта“. Овое однесување се повторува или има потенцијал да се повторува со текот на времето.

### 1 Агресија

Намера за предизвикување штета на друг ученик.

### 2 Повторување

Однесувањето се повторува со текот на времето, а не станува збор за еднократен инцидент.

### 3 Нерамнотежа на моќта

Напаѓачот поседува повеќе моќ: физичка, социјална или емоционална.

Овие три клучни компоненти, идентификувани од истражувачот-пионер Олвеус (1993), се суштински за разбирање и препознавање на вистински ситуации на насилство во споредба со изолирани конфликти. Препознавањето на овие елементи им помага на наставниците да го разликуваат насилството од другите форми на конфликти меѓу врсници и да развијат соодветни интервенции.

# Видови насилство: физичко и вербално

## Физичко врсничко насилство

Физичкото насилство вклучува нанесување штета на телото или сопственоста на друга личност. Ова вклучува удари, тепање, туркање или оштетување на лични предмети. Според УНЕСКО (2019), овој облик е почест кај помладите деца, но се намалува како што учениците растат.

- Постојано туркање на соученик во плакарите.
- сопкање на ученици во ходниците што предизвикува повреда.
- Групно заплашување со туркање и одземање на лични предмети.

## Вербално врсничко насилство

Вербалното насилство користи зборови за да навреди или понижи некого преку навреди, исмејување, закани или несоодветни коментари. Светската здравствена организација истакнува дека ова е една од најраспространетите форми и во основните и во средните училишта.

- Нарекување на учениците со понижувачки имиња што влијае на нивната самодоверба.
- Исмејување на врсниците поради нивниот академски успех.
- Изнесување понижувачки забелешки за културолошките разлики.

# Видови насилство: социјално и сајбер

## Релациско (социјално) насилство

Релациското насилство вклучува нанесување штета на нечие репутација или односи преку ширење гласини, социјална исклученост или јавно понижување. Тоа обично е потскриено во споредба со физичкото или вербалното насилство, што го прави потешко за откривање, и е почесто кај учениците девојчиња (Crothers & Levinson, 2004).

- Намереното исклучување од социјални настани
- Ширење лажни гласини што ѝ шетат на репутацијата.
- Манипулирање со пријателствата за изолирање на жртвите.

## Сајбер  насилство

Сајбер-насилството се случува преку дигитални уреди, преку текстуални пораки, социјални мрежи или други онлајн канали. Заедничкиот истражувачки центар на Европската Унија (2020) известува дека повеќе од 20% од учениците глобално го доживеале ова, при што застапеноста расте поради зголемената дигитална поврзаност.

- Загрозувачки пораки или понижувачки фотографии споделени он-лајн.
- Создавање лажни профили за имитирање и понижување на другите.
- Испраќање вознемирувачки пораки со закани за насилство.



# Глобална распространетост на врсничкото насилството (булинг)

## Светско влијание

Насилството врз учениците влијае речиси на секое место во светот, со различни стапки во различни региони. Според обемен извештај на УНЕСКО кој ги анализира податоците од 144 земји, приближно еден од три ученици на глобално ниво доживеал некоја форма на насилство.

## Европски студии

Анкетата HBSC за 2021/2022 година покажа дека околу 11% од европските адолесценти пријавиле дека биле жртви на насилство најмалку два или три пати месечно, при што стапките варираат од само 2% до над 30%, зависно од регионот. Сајбер-насилството се појави како критичен проблем, при што Заедничкиот истражувачки центар на ЕУ утврдил дека над 20% од учениците биле жртви барем еднаш.

## Статистика за Македонија

Во Македонија, регистрираните случаи на насилство меѓу врсниците во училиштата драматично се зголемиле, од 27 во 2021 година на 102 во 2023 година, при што најзабележливо зголемување има во средните училишта и во региони како Скопје и Тетово. Помеѓу 2012 и средината на 2023 година, Министерството забележало вкупно 1.189 инциденти, со врв во 2013 година, пад за време на COVID-периодот и повторно зголемување до 2023 година.

## Социјално-економски фактори

Социјално-економските фактори исто така влијаат на распространетоста на насилството. Учениците од семејства со низок социјално-економски статус генерално се поголеми жртви на насилство отколку врсниците од побогати средини, иако насилничките однесувања не се ограничени на ниту една единствена социјално-економска група.

# Разбирање на улогите во насилството

## Насилник

Лицето што ја започнува штетната постапка, често со цел да воспостави моќ или доминација врз другите.
Насилниците постојано ги таргетираат жртвите преку вербална, физичка или социјална агресија, зајакнувајќи ја својата перципирана моќ преку јавно понижување.

## Жртва

Лицето што ја прима насилничката постапка. Жртвите често се чувствуваат беспомошни, изолирани и плашат да пријават инциденти поради страв од одмазда или од да бидат етикетирани како „дојавувачи".

Континуираното малтретирање влијае на нивниот социјален живот и на академскиот успех..



## Набљудувачи

Лицата кои сведочат на инциденти на насилство, но можеби не интервенираат. Набљудувачите можат да бидат пасивни (остануваат молчаливи), да го зајакнуваат насилството (се смеат или поттикнуваат) или активни (застапуваат ја жртвата и пријавуваат инцидент).
Улогата на набљудувачите е клучна, бидејќи нивната реакција може или да го оневозможи насилникот или да му даде сила.
Активните набљудувачи кои интервенираат можат да помогнат во смирување на ситуацијата и да им обезбедат клучна поддршка на жртвите, додека пасивните или оние што го зајакнуваат насилството можат несвесно да придонесат за проблемот.



# Последици од насилството врз жртвите

## Краткорочни последици

- Анксиозност, депресија и ниска самодоверба
- Психосоматски проблеми (главоболки, нарушувања на сонот, болки во стомакот)
- Академски тешкотии, потешкотии со концентрацијата и отсуства од училиште
- Социјално повлекување и изолација од врсниците

Според Гини и Позоли (2009), жртвите пријавуваат зголемени нивоа на психосоматски проблеми кои се развиваат брзо по започнувањето на насилството и се мешаат со секојдневното функционирање.

## Долгорочни последици

- Зголемен ризик од анксиозни нарушувања, депресија и суицидни мисли
- Тешкотии во социјалната прилагодба и формирањето на односи
- Постојана ниска самодоверба и проблеми со доверба
- Поголема веројатност за академски неуспех

Копланд и соработниците (2013) откриле дека лицата што биле жртви на насилство во детството имаат поголеми стапки на анксиозност, депресија и суицидни тенденции во зрелата возраст.



# Последици врз насилниците и набљудувачите

### Последици врз насилниците

- Краткорочни: Агресивно однесување, антисоцијални тенденции, привремено зголемување на социјалниот статус
- Долгорочни: Поголем ризик од делинквенција и криминално однесување (Тофи и соработници, 2011)
- Предизвици во личните односи и стабилноста на вработувањето (Фарингтон и соработници, 1998)
- Потенцијал за депресија и злоупотреба на супстанции во подоцнежниот живот

### Последици врз набљудувачите

- Чувства на вина, анксиозност и беспомошност
- Страв од тоа да станат следна цел
- Поголем ризик од симптоми на стрес и анксиозност (Риверс и соработници, 2009)
- Можен постепен имунитет или навикнување на насилство и агресија со текот на времето
- Намалена веројатност за интервенција при идни неправди

Истражувањата покажуваат дека негативните последици од насилството не се ограничуваат само на жртвата. Насилниците може да се соочат со значителни предизвици во зрелата возраст, додека набљудувачите можат да доживеат психолошки стрес од сведочењето на инциденти на насилство.



# Чести митови за насилството

### „Насилството е природен дел од растењето“

**Реалност:** Ништо во насилството не е „природно“. Според Американската психолошка асоцијација и УНЕСКО (2020), насилството може да доведе до долгорочни емоционални, психолошки и академски тешкотии. Прифаќањето на насилството како „нормално“ ја намалува сериозноста на искуствата на жртвите и ја оневозможува интервенцијата.

### „Зборовите никогаш нема да те повредат“

**Реалност:** Вербалното насилство може да остави длабоки емоционални траги. Истражувањата покажуваат дека тоа може да доведе до долгорочни психолошки последици, вклучувајќи намалена самодоверба и зголемен ризик од ментални нарушувања како анксиозност и депресија.

### „Насилството ги зацврстува децата“

**Реалност:** Насилството не ја гради отпорноста; напротив, го уништува самопочитувањето и самодовербата. Жртвите често пријавуваат зголемени чувства на анксиозност, страв и ранливост, што ја намалува нивната самодоверба и способност за справување во социјални ситуации (Psy-ed, 2023).

## Заблуда

- „Тој што пријавува се смета за дојавувач“
- „Насилството е лесно за препознавање“
- „Децата што се жртви на насилство секогаш ќе му кажат на возрасен“

## Реалност

- Постојат клучни разлики помеѓу дојавувањето (за да се доведе некој во непријатна ситуација) и пријавувањето (за да се заштити некого од штета).
- Исмејувањето станува насилство кога е повторливо, злонамерно и со намера да повреди.
- Многу форми на насилство, особено релационото, се скриени и тешко препознатливи.
- Само околу 33% од жртвите на насилство го пријавуваат тоа на возрасни, често поради страв од одмазда.

### „Момчињата малтретираат, а девојчињата не“

**Реалност:** Девојчињата исто така вршат насилство, но често користат различни форми, како релациона агресија, наместо физичко насилство. Оваа заблуда ја потценува распространетоста и штетноста на насилството меѓу девојчињата.

### „Сајбер-насилството е помалку опасно од насилството лице в лице“

**Реалност:** Сајбер-насилството може да биде уште поштетно затоа што се случува 24/7, го следи жртвите дома, а штетната содржина може да се сподели широко и брзо, оставајќи ги жртвите постојано ранливи.

### „Игнорирањето на насилството ќе го реши проблемот“

**Реалност:** Игнорирањето на насилството обично го влошува проблемот. Кога не се третира, насилството може да ескалира со посериозни последици. Молчењето често им овозможува на насилниците да продолжат, бидејќи им дава сигнал дека нивното однесување е прифатливо.

# Улогата на наставникот во препознавањето на врсничкото насилството

Наставниците имаат клучна улога во спречувањето, препознавањето и интервенцијата во ситуации на насилство. Првиот чекор е точното идентификување на сите облици на насилство – од очигледната физичка агресија, до посуптилните форми на релациско или сајбер-насилство.

## Показатели за физичко насилство

- Видливи повреди или необјасливи модринки
- Оштетени или исчезнати лични предмети
- Ученици кои покажуваат страв од одредени соученици
- Избегнување на учество во физички активности

## Показатели за вербално насилство

- Промени во расположението по  вербални обвинувања
- Слушање  чести навреди или навредливи прозивки
- Ученици кои стануваат затворени и воздржани по средби со соучениците
- Одбивање или воздржување од зборување во час

## Показатели за релациско насилство

- Исклучување од групни активности или од социјални кругови
- Избегнување на одредени социјални групи
- Ширење гласини за одредени ученици
- Изненадно прекинување на пријателството

## Показатели за сајбер-насилство

- Зголемена емоционална вознемиреност по користење на уреди
- Одбивност кон користење на дигитални уреди или социјални медиуми
- Анксиозност при добивање известувања
- Повлекување од он-лајн активности



# Улогата на наставникот во спречувањето и интервенцијата

Истражувањата укажуваат дека најуспешните интервенции се итни, директни и насочени кон запирање на насилничкото однесување, истовремено обезбедувајќи поддршка за жртвата. Наставниците мора да преземат решителна акција кога ќе се појави насилство.

## Итна интервенција

Давање јасни и строги опомени при појава на насилство, со нагласување на конкретното однесување и неговото несогласување со училишните правила.

Пр: „Ова однесување е во спротивност со правилата на нашето училиште и мора веднаш да запре !“

## Поддршка на жртвата

Обезбедете емоционална поддршка преку слушање, препознавање на чувствата и уверување дека ситуацијата ќе биде решена. Воспоставете дневни или неделни разговори за да му помогнете на ученикот да се чувствува безбедно и поддржано.

## Документација

Водете „Дневник на насилството“ или евиденција за инциденти, во која ќе се бележи видот на насилството, вклучените ученици и преземените мерки. По секој инцидент пополнете извештај за ситуацијата со насилство и споделете го со училишните советници и директорот.

## Вклучување на набљудувачите

Зајакнете го позитивното однесување кај оние кои застанале против насилството. На пасивните набљудувачи објаснете им како можеле да постапат поинаку, помагајќи им да го разберат своето влијание во превенцијата.

## Соработка со родителите

Закажете состаноци со родителите на жртвите и насилниците. Споделете ги плановите за интервенција, дискутирајте за нивната примена дома и понудете ресурси како советодавни услуги и групи за поддршка.

Зголемена супервизија на местата  каде што инцидентите на насилство се чести (ходници, мензи или игралишта), може да спречи понатамошни случаи.

Документацијата е клучна за идентификување на образци на однесување и за ескалација на проблемите кога е потребно.

# Практичен пример: Искуството на Марија

## Ситуацијата со насилството

Марија, некогаш дружељубиво 15-годишно девојче, стана цел на сајбер-насилство и вербално малтретирање во средното училиште.

Она што започна како мало исмејување, ескалираше кога соучениците создадоа анонимни профили на социјалните мрежи за да ја исмејуваат јавно, поставувајќи уредувани фотографии со навредливи натписи и ширејќи лажни гласини.

Во училиштето, истата група ја малтретираше вербално за време на одморите, нарекувајќи ја „губитник" и „грда" пред другите ученици.

## Интервенција на училиштето

Училиштето имплементираше двојна стратегија:

- Дискусии во училницата за насилство како дел од поширока програма за социјално-емоционално учење
- Програма за врсничка медиација во која учениците беа обучени да посредуваат при конфликти

Со текот на времето, овие напори донесоа резултати. Соучениците на Марија станаа посвесни за последиците од своите постапки, а некои се извинија .

Училиштето исто така воведе построги правила за користење на социјалните мрежи и веднаш интервенираше при онлајн малтретирање.

## Последици за Марија

Марија разви анксиозност поврзана со училиштето, нејзините оценки се намалија и се повлече од активности во кои претходно уживала. Нивото на самодоверба значително опадна, стана изолирана и имаше проблеми со спиењето. Дури почна да ја доведува во прашање својата вредност и имаше минливи мисли за самоповредување.

## Прашања за размислување и самопроценка

### Размислувања врз основа на примерот од пракса

- Кои знаци на насилство ги покажуваше Марија и како наставниците можат да ги препознаат сличните знаци кај ученици кои можеби не пријавуваат дека се жртви на насилство?
- Колку беше ефективна интервенцијата на училиштето? Кои други пристапи би можеле да помогнат?
- Како училиштата можат да создадат средини во кои учениците се чувствуваат безбедно да пријавуваат инциденти на насилство?
- Каква долгорочна поддршка може да ѝ биде потребна на Марија, дури и откако насилството престанало?